| Прилог 3. | | |
|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | **ЕКОНОМСКО – ФИНАНСИСКИ КРИМИНАЛ** |
| 2. | Код | ФБКН 25 |
| 3. | Студиска програма | Криминологија и криминална политика |
| 4. | Организатор на студиска програма (единица, односно институт, катедра, одел) | Факултет за безбедност Скопје |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Прв |
| 6. | Академска година / семестар | втора / четври |
| 7 | Број на ЕКТС кредити | 3 |
| 8 | Наставник | Вон. проф. д - р Светлана Николоска |
| 9 | Предуслови за запишување на предметот | Не |
| 10 | Цели на предметната програма (компетенции) | Идентификува појавни облици и форми на економско – финансиски криминал, ги дефинира нивните криминалистички карактеристики, препознава фактори и услови кои му погодуваат на овој криминал, ги идентификува својствата и статусот на сторителите, планира и реализира криминалистичко и финансиско истражување со примена на аналитички и компаративни методи со цел обезбедување на материјални докази за криминалната ситуација и успешно водење на предистражна, истражна и кривична постапка. |
| 11 | Содржина на предметната програма | 1. Запознавање на студентите со предметната програма со презентирање на тематските единици, презентирање на начин на предавање, интерактивност на студентите, задолжителна и дополнителна литература и процес на оценување на студентите.<br>2. Историски развој, поим, дефинирање на економско – финансискиот криминал<br>3. Кривично – правни карактеристики на економско – финансискиот криминал<br>3.1. Дефинираност на значајни поими и дефинирање на статус и својства на сторителите на економско – финансискиот криминал<br>3.2. Групации на кривични дела во областа на економско – финансискиот криминал<br>3.3. Одговорност на правните лица за економско – финансиски криминал<br>3.4. Конфискација на имот стекната со извршување на економско финансиски |

| | | |
|---|---|---|
| | | кривични дела<br>3.5.Надлежност и овластувања за истражување на економско – финансиските кривични дела<br>3.6.Криминалистичка и финансиска истрага<br>4. Појавни облици и форми на економско – финансиски криминал во сферата на работните односи – начини на извршување, типични траги и докази, статус на сторителите и карактеристични жртви, надлежност, овластувања и соработка со инспекциските служби во процесот на истражување и обезбедување на докази, изготвување на извештај и негово процесуирање.<br>5. Појавни обици и форми на економско – финансиски криминал во сферата на здравството и дела против здравјето на луѓето, начини на извршување, статус на сторителите, типични траги и докази, надлежности, кординација и соработка со инспекциските служби во процесот на истражување и обезбедување на докази, изготвување на извештај и негово процесуирање.<br>6. Имотен економско финансиски криминал – појавни облици на измама на купувачи, осигурителна измама, кредитобарателна измама, измама при користењена средствата од Европската заедница, начини на извршување, типични траги и докази, статус на сторителите и изготвување на извештај и негово процесуирање.<br>7. Економско – финансиски криминал при стечај – (криминал со елементи на предизвикување стечај, криминал со елементи на злоупотреба во стечајна постапка), својства и статус на сторителите, типични начини на извршување, обезбедување на материјални докази, соработка со овинителството и судот во процесот на истражување и изготвување на извештај и негово процесуирање.<br>8. Економско – финансиски криминал во сферата на јавните финансии, платниот промет и стопанството – јавните приходи и јавните расходи, типични начини на извршување, процес на истражување и изготвување на извештај и процесуирање. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 8.1. Фалсификување пари, хартии од вредност, знаци за вредност, правење, набавување или отуѓување средства за фалсификување, фалсификување знаци за обележување на стоки, мери и тегови – начини и средства на извршување, процес на откривање, расветлување и докажување.<br>8.2. Перење пари и други приноси од казниво дело – поим, постапки или фази на перење пари, криминалистички карактеристики, процес на истражување со меѓуинституционална соработка, координација и размена на информации и податоци, обезбедување на докази со изготвување на извештај и негово процесуирање.<br>8.3. Измама при работење со хартии од вредност и удели – начини на извршување, криминално поврзување и истражување на типичните траги и докази, соработка со државни органи и институции во процесот на истражување, изготвување на извештај и негово процесуирање.<br>8.4. Недозволено производство и недозволена трговија- појавни облици и форми на извршување, типични траги и докази, надлежности, кординација и соработка со инспекциските служби во процесот на истражување и обезбедување на докази, изготвување на извештај и негово процесуирање.<br>8.5. Економско – финансиски криминал со обележја на царински криминал (криумчарење, царинска измама и прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама), начини, средства, време и место на извршување надлежности и овластувања, процес на координација, соработка и размена на информации обезбедување на докази, изготвување на извештај и процесуирање.<br>8.6. Даночно затајување и фалсификување и уништување на деловна документација – појавни облици и начини на извршување, соработка со диреткно и индиректно надлежни органи и служби во |

| | | |
|---|---|---|
| | | истражувањето, обезбедувањето на докази, изготвување на извештај и процесуирање.<br>8.7. Економско – финансиски криминал во областа на регулаторните компетенции на државата – појавни облици и форми, надлежности и соработка во истражувањето, обезбедување на докази, изготвување на извештај и процесуирање.<br>9. Економско – финансиски криминал против службената должност<br>9.1.Дефинираност на значајни поими<br>9.2.Појавни облици – Злоупотреба на службена положба и овластување, проневера, послужување, измама во службата – начини на извршување, типични облици на извршување (активен, пасивен, судир на интереси), истражување и обезбедувањ ена докази, соработка со државни органи со полициски овластувања и со инспекциски служби, изготвување извештај и процесуирање.<br>9.3. Примање, давање и посредување при поткуп –Форми и начини на извршување, примена на мерки и дејствија за откривање, расвтлување и докажување.<br>9.4. Противправно стекнување и прикаривање имот – начини и време на извршување, соработка на државни органи и институции во процес на истражување.<br>9.5. Фалсификување на службена исправа – начини и методи на фалсификување, процес на истражување со компарација на документи.<br>9.6. Статус на сторителите<br>9.7. Организираност во извршување, поделба на криминалните улоги, типични криминални ситуации, докази и докажување.<br><br>10. Економско – финансиски криминал во правосудството – непријавување кривично дело и сторител во вршење на службата и лажно пријавување на кривично дело, спречување на докажување – појавни облици и начини на извршувње, истражување и |

| | | |
|---|---|---|
| | | обезбедување на докази.<br><br>11. Економско – финансиски криминал во правниот сообраќај со елементи на фалсификување (фалсификување на исправа, комјутерски фалсификат, фалсификување на службена исправа, употреба на исправа со невистинита содржина и издавање на невистинито лекарско или ветеринарно уверение), начини на извршување, статус и својства на сторителите, жртви на фалсификати, истражување на криминалните активности.<br><br>12. Организиран економско – финансиски криминал – злосторничко здружување (начини на организирање, криминално поврзување, криминални улоги, криминални активности – форми и методи на криминално делување, прикривање на противправната имотна корист).<br><br>13. Превенција на економско – финансиски криминал |
| 12 | Методи на учење | Интерактивна настава<br>Самостојно учење<br>Учество во проекти<br>Изготвување на семинарски работи, есеи, практична настава |
| 13 | Вкупен расположив фонд на време | 75 |
| 14 | Распределба на расположивото време | 26 часа предавања<br>26 часа вежби<br>5 часа истражувачки проекти<br>10 часа есеј или семинарска<br>7 самостојно учење |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 15 | Форми на наставните активности | 15.1 | Предавања-теоретска настава | 26 часа |
| | | 15.2 | Вежби (лабараториски, аудиториски), семинари, тимса работа | 26 часа |
| 16. | Други форми на активности | 16.1 | Проекни задачи | 10 часа |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 16.2 | Самостојни задачи | 13 часа |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 17. | Начин на оценување | | |
| | 17.1. | Тестови | 80 бодови |
| | 17.2. | Семинарска работа/проект (презентација: писмена и усна) | 10 бодови |
| | 17.3. | Активност и учество | 10 бодови |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 18 | Критериуми за оценување ( бодови / оцена) | до 50 бода | 5(пет) (F) |
| | | Од 51 до 60 бода | 6 (шест)(E) |
| | | Од 61 до 70 бода | 7 (седум)(D) |
| | | Од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |
| | | Од 81 до 90 бода | 9 (девет)(B) |
| | | Од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) |

| | | |
|---|---|---|
| 19. | Услов за потпис и полагање на завршен испит | Присуство на настава и вежби<br>Семинарска работа или есеј<br>Самостоен истражувачки проект |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | македонски |
| 21 | Метод на следење на квалитетот на наставата | Интерактивност<br>Самостојни презентации<br>Евалуација |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 22. | Литература | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | |
| | | Ред.бр. | Автори | Наслов | Издавач/година |
| | | 1. | Николоска Светлана | Методика на истражување на економско – финансиски криминалитет | Ван Гог, Скопје, 2013 |
| | | 2. | Николоска Светлана | Кривични дела против службената должност | Графотранс, Скопје, 2008 |
| | | 3. | Николоска Светлана | Перење пари – криминолошки, криминалистички и кривично – правни аспекти | Факултет за безбедност (во процедура) |
| | | 4. | Џуклески Гоце и Николоска Светлана | Економска криминалистика | График Мак Принт, Скопје, 2008 |
| | | 5. | Ендрју Р. В. Џексон и Џули М. Џексон | Наука за форензиката | Нампрес, Скопје, 2009 |
| | | 6. | Стјуарт Х. Џејмс и Џон. Џ. Норби | Форензика | Табернакул, Скопје, 2009 |
| | | 7. | Рејчел Боба | Криминалистичко истражување | Нампрес, Скопје, 2010 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 8. | Медингер Џон | Перење пари – водич за кривични иследници | Дата Понс 2009 |
| | | 9. | Николоска Светлана | Investigations of organized – economic – financial crime trough the application of concept and method of teamwork of direct and indirect competent institutional in the Republic Macedonia | Зборник од Меѓународна конференција на Факултетот за безбедност, Скопје, 2011 |
| | | 10. | Николоска Светлана | Criminal research of tax evasion and money laundering | Thematic proceedings of International significance Archibald Reiss Days, Belgrade, 2012 |
| | | 11. | Николоска Светлана | "Сивата економија" како последица на невработеноста и сиромаштијата во Република Македонија или криминал за стекнување на богатства,, | Економски факултет Прилеп, 2012 |
| | | | | | |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | |
| | | Ред.бр. | Автори | Наслов | Издавач/година |
| | | 1. | Витларов Тодор | Репресија и превенција на корупцијата | 2 – ри Август, Штип, 2006 |
| | | 2. | Владимир Камбовски | "Корупцијата - најголемо општествено зло и закана за правната држава", коментар на Законот за спречување на корупцијата и на Законот за спречување на перење пари, | Влабор, ДООЕЛ, Скопје, 2002 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 3. | Владимир Камбовски | "Организиран криминал" | Скопје, 2005 |
| | | 4. | Владимир Водинелиќ | "Криминалистика", откривање и докажување Iи II том, | Факултет за безбедност и општетсвена самозаштита, Скопје, 1985 |
| | | 5. | Николоска Светлана | "Квалитативните измени и дополнувања на кривичниот законик на РМ кај економскиот криминалитет (посебен осврт на кривичните дела против службената должност) | МРКПК бр. 1, Скопје, 2006 |
| | | 6. | Николоска Светлана | Феноменолошки карактеристики на криминалитетот против службената должност | Годишник на Факултетот за безбедност, 2008 |
| | | 7. | Николоска Светлана | Поим, постапки и соработка во истражувањето на перењето пари во Република Македонија | Годишник на Факултетот за безбедност, 2009 |
| | | 8. | Николоска Светлана | Кривично-правни аспекти на перењето пари во Република Македонија | Хоризонти, Битола, 2009 |
| | | 9. | Николоска Светлана | Финансиските истраги како предуслов за спречување на организираниот економско - финансиски криминал во Република Македонија | Годишник на Факултетот за безбедност, 2010 |
| | | 10. | Николоска Светлана | Зборник на трудови ,,Стандардизирана обука за финансиски истраги | Академија на МВР Бугарија, 2011 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | на организиран криминал и финансирање на тероризам,, | |
| | | 11. | Николоска Светлана | Međuinstitucionalnakontrolaisaradnja u procesusuzbijanjapranja novca | Зборник, Тара, 2011 |
| | | 12. | Тасева Слаѓана | Перење пари | Дата Понс, Скопје, 2003 |
| | | 13. | Камбовски Владимир | Измените на КЗ во функција на спречување на економскиот криминалитет | МРКПК бр. 2-3, Скопје, 2008 |
| | | 14. | Арнаудовски Љупчо Нанев Лазар Светлана Николоска | Економскиот криминалитет во Република Македонија | МРКПК, бр. 1, Скопје, 2009 |
| | | 15. | Николоска Светлана (коавтор) | ,,Role of banks as entity in the system for prevention of money laundering in the Macedonia,, | ФТУ Охрид, 2011 |
| | | 16. | Бановиќ Божидар | "Обезбеѓење доказа у криминалистичкој обради кривичних дела привредног криминалитета" | Београд, 2002 |
| | | 17. | Николоска Светлана | Стечаен криминалитет | Универзитет ,,Св. Климент Охридски,, Битола – Хоризонти, 2011. |